РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-14
30.07.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**

**Врска:**
**Ургенција (наш УПП 03-14 од 23.07.2024 г.)**

**Предмет: Одговор на доставена Ургенција**

Почитуван,

По повод Вашата Ургенција (наш УПП 03-14), доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 23.07.2024 г., Ве известуваме за следното:

Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радијата и телевизиите се независни во својата уредувачка политика и самостојно одлучуваат за тоа што ќе емитуваат на своите програми. Почитувањето на уставното право на слобода на изразување е клучно за нивната работа и може да се ограничи само под услови утврдени со закон.

Оттука, во однос на предметот на Вашата ургенција доставена до Агенцијата, а со цел заштита на Вашите права и правни интереси, Ве упатуваме на Законот за медиуми во однос на правото на одговор и исправка. Во врска со претходно наведеното, а со цел да Ви биде појасен начинот и условите за остварување на правото на одговор и исправка во случај кога сметате дека Ви е нанесена штета на угледот, честа и интересите од страна на медиумите со објавување неточна, погрешна, лажна или нецелосна информација, Агенцијата има изработено леток „Одговор и исправка на неточни, погрешни, лажни или нецелосни информации", кој е достапен на веб страната на Агенцијата www.avmu.mk, во банерот „Одговор и исправка, кој, кога како?".

Воедно, Ве известуваме и дека на веб страната на Агенцијата www.avmu.mk, објавен е и регистарот на телевизии, кој меѓудругото содржи и податоци за: седиштето на

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**

радиодифузерите, адресата на уредништво, телефон и e-mail, на кои можете да ги контактирате истите. Регистарот на телевизии е достапен во банерот „РА и ТВ“.

Што се однесува до делот од Ургенцијата каде што посочувате неколку медиуми, во однос на кои (како што ни појаснивте во остварениот телефонски разговор) барате да извршиме надзор, Ве известуваме дека за да може Агенцијата да постапи во рамките на своите надлежности, потребно е да доставите конкретни податоци (на кој радиодифузер е објавена содржината, наслов на емисијата, датум и време кога е објавена содржината).

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
по овластување на директорот,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**